**З А П И С Н И К**
**од 52-ра седница на Совет на Општина Демир Хисар**
**одржана на 27.08.2025 година**

Седницата на Советот на општина Демир Хисар се одржа во салата за состаноци во зградата на Дом на пензионерите Демир Хисар со почеток во 11.00 часот.
Во работата на советот учествуваа 11 (единаесет) члена на Советот на Општина Демир Хисар од вкупно 11 (единаесет) и тоа: Претседателот на Советот Љупчо Најдовски и советниците Даниела Давидевска, Аце Јанкуловски, Филип Ангелевски, Јордан Кромидаровски, Валентин Несторoски, Марина Димитријовска, Магдалена Вељановска, Сашо Михајловски и Сандра Пејковска присутни во салата и советничката Јасмина Јовановска, во работата на советот учествуваше со употреба на комуникациски средства преку телефон согласно Одлуката за работа на Совет на општина Демир Хисар со употреба на комуникациски средства.
Од општинската администрација присутни беа Александра Трајковска и Томе Милошовски. На седницата присутни беа претставник од ЈОУДГ „Втори Септември“ Цане Трајчевски, директорот на ЈКП „Комуналец“ Демир Хисар Гоце Мицковски и директорот на ЈП „Дехи Транс“ Алесандар Чорбевски.
Записникот го водеше Виолета Пајковска.
-Усвојување на записник од 51 вата седница на Совет на Општина Демир Хисар

По записникот немаше забелешки. Записникот беше усвоен со 11 „за“, против и воздржани немаше.

Согласно член 3 од одлуката за работа на советот со употреба на комуникациски средства гласањето се одвиваше по пат на поменично произнесување на секој член. Листот од засебното гласање по оваа точка е составен дел на седничкиот материјал од 52-рата седница.
-Усвојување на записник од вонредна седница на совет на општина Демир Хисар одржана на 05.08.2025

По записникот немаше забелешки. Записникот беше усвоен со 11 „за“, против и воздржани немаше.

Согласно член 3 од одлуката за работа на советот со употреба на комуникациски средства гласањето се одвиваше по пат на поменично произнесување на секој член. Листот од засебното гласање по оваа точка е составен дел на седничкиот материјал од 52-рата седница.

На седницата се расправаше по следниот

Дневен ред

1. Усвојување на Финансиски извештај на ЈКП „Комуналец“ Демир Хисар за период од 01.01.2025 до 30.06.2025 година.
2. Донесување на Оперативна програма за организирање и функционирање на зимската служба на подрачјето на општина Демир Хисар за сезона 2025/2026 година.
3. Усвојување на Годишен извештај за работа на ООУ „Гоце Делчев“ Демир Хисар за учебната 2024/2025 година
4. Усвојување на Годишна програма за раброта на ООУ „Гоце Делчев“ Демир Хисар за учебната 2025/2026 година.
5. Давање согласност за користење на две простории од ЈОУДГ ,,Втори Септември” Демир Хисар за изведување на настава во прво одделение за учебната 2025/2026 за потребите на ООУ „Гоце Делчев“ Демир Хисар.
6. Давање согласност за формирање на чисти паралелки со помал број на ученици и комбинирани паралелки во ООУ „Гоце Делчев“ Демир Хисар за учебната 2025/2026 година.
7. Усвојување на Годишен извештај за работа на ООУ „Браќа Миладиновци“ с.Жван Општина Демир Хисар за учебната 2024/2025 година.
8. Усвојување на Годишена програма за работа на ООУ „Браќа Миладиновци“ с.Жван Општина Демир Хисар за учебната 2025/2026 година.
9. Давање согласност за формирање на чисти паралелки со помал број на ученици и комбинирани паралелки во ООУ „Браќа Миладиновци“ с.Жван Општина Демир Хисар за учебната 2024/2025 година.

10. Усвојување на Годишен извештај за работа на ООУ „Даме Груев" с.Смилево Општина Демир Хисар за учебната 2024/2025 година.
11. Усвојување на Годишна програма за работа на ООУ „Даме Груев" с.Смилево Општина Демир Хисар за учебната 2025/2026 година.
12. Давање Согласност за работа на паралелки со помал број на ученици во ООУ „Даме Груев" с.Смилево Општина Демир Хисар за учебната 2025/2026 година
13. Донесување на Одлука за ставање во мирување на паралелка во одделенска настава во подрачното Училиште во с.Обедник на ООУ „Даме Груев" с.Смилево Општина Демир Хисар.
14. Усвојување на Годишен извештај за работа на ЈОУДГ „Втори Септември" Демир Хисар за учебната 2024/2025 година.
15. Усвојување на Годишна Програма за работа на ЈОУДГ „Втори Септември" Демир Хисар за 2025/2026 година.
16. Давање согласност на Годишен план за вработување за 2026 година за ЈОУДГ „Втори Септември" Демир Хисар.
17. Донесување на Одлука за давање согласност на Одлуката за работно време во ЈОУДГ „Втори Септември" Демир Хисар за 2025/2026 година.
18. Донесување на Одлука за давање согласност на Одлуката за зголемен односно намален број на деца организирани во групи во ЈОУДГ „Втори Септември" Демир Хисар за 2025/2026 година.
19. Донесување на Одлука за давање согласност на Годишен план за вработување за 2026 година за ЈП „Дехи Транс" Демир Хисар.
20. Усвојување на Финансиски извештај на ЈП „Дехи Транс" Демир Хисар за период од 01.01.2025 до 30.06.2025 година.
21. Донесување на Одлука за давање согласност на нов Ценовникот за вршење на услуги за превоз од страна на Јавно Претпријатие ДЕХИ ТРАНС Демир Хисар.
22. Донесување на Одлука за давање согласност на ценовникот за вршење на превоз на ученици врз основа на одлуката за меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Демир Хисар и Општина Битола.
23. Предлози и прашања

Претседателот на Советот Љупчо Најдовски ја отвори седницата предложениот Дневен ред го стави на расправа. При тоа предложи точката Усвојување на Финансиски извештај на ЈКП „Комуналец" Демир Хисар за период од 01.01.2025 до 30.06.2025 година да се разгледува како прва точка, поради обврски на директорот. Исто така на предлог на директорот на ЈП „Дехи транс" Демир Хисар дневниот ред да се дополни со две точки и тоа 21.Донесување на Одлука за давање согласност на нов Ценовникот за вршење на услуги за превоз од страна на Јавно Претпријатие ДЕХИ ТРАНС Демир Хисар и 22.Донесување на Одлука за давање согласност на ценовникот за вршење на превоз на ученици врз основа на одлуката за меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Демир Хисар и Општина Битола. Советниците немаа забелешки. Со 11 „за" беше усвоен дневниот ред со измените и дополнувањето.

Согласно член 3 од одлуката за работа на советот со употреба на комуникациски средства гласањето се одвиваше по пат на поменично произнесување на секој член. Листот од засебното гласање по оваа точка е составен дел на седничкиот материјал од 52-рата седница.

***ТОЧКА 1. Финансиски извештај на ЈКП „Комуналец" Демир Хисар за период од 01.01.2025 до 30.06.2025 година***

Финансискиот извештај на ЈКП „Комуналец" Демир Хисар за период од 01.01.2025 до 30.06.2025 година беше усвоен од Комисијата за финансии и буџет објасни претседателката на комисијата Сандра Пејковска. Во врска со извештајот објаснување имаше директорот Гоце Мицковски. Дискусија немаше. Со 7 „за" и 4 „воздржани" беше усвоен извештајот.

Согласно член 3 од одлуката за работа на советот со употреба на комуникациски средства гласањето се одвиваше по пат на поменично произнесување на секој член. Листот од засебното гласање по оваа точка е составен дел на седничкиот материјал од 52-рата седница.

Пред да се премине во расправа на наредните точки од дневниот ред советничката Сандра Пејковска побара збор со цел да постави прашање до директорот на ЈКП „Комуналец" Гоце Мицковски до каде е постапката со резервоарот во Доленци на неколку наврати на седниците на совет беше

покренато тоа прашање. Директорот Гоце Мицковски објасни направен е увид  резервоарот е во многу лоша состојба, решавањето на тоа е многу долга процедура, таму и теренот е доста лош има повеќе работа, ги саниравме резервоарот во Стругово на ред е да се реши Загориче ги решаваме прво таму каде стопанисуваме со резервоарите. Советникот Сашо Михајловски дополни исто и за Базерник беше кажано можеби пластичен резервоар да се постави. Советничката Сандра Пејковска додаде реално е да се каже дека нема решение. Директорот Мицковски додаде ако речам дека нема решени ќе остане на тоа ќе се бара решение иако не е под надлежност на претпријатието, се направи увид се утврди во каква состојба е, потоа праша дали знаете каков е теренот, таму не пристапен. Советничката Сандра Пејковска одговори дека и е познато  каков е теренот таму, тие приватно го правеле патот го чистеле резервоарот и се што можи се прави, потоа додаде ако беше изготвена предмер пресметката или ако се понудеше друго решение ќе се бараше начин можеби средства ќе се најдеа. Директорот Гоце Мицковски објасни ние направивме увид, констатиравме состојба, приоритет даваме на водводите кои се во наша надлежност.
Советничката Марина Димитријовска праша за чистење на речно корито во Сопотница кога се чистеше и на кој места. Директорот Гоце Мицковски објасни четири пати се чистеше речното корито има фотографии, чистено е од мостот до кај куќата на Бубаќовци.

***ТОЧКА 2. Оперативна програма за организирање и функционирање на зимската служба на подрачјето на општина Демир Хисар за сезона 2025/2026 година***

Оперативна програма за организирање и функционирање на зимската служба на подрачјето на општина Демир Хисар за сезона 2025/2026 година беше усвоена од комисијата за јавни и комунални работи објасни претседателот на комисијата Аце Јанкуловски. Во врска со програмата објаснување имаше претставникот Томе Милошовски. Советникот Јордан Кромидаровски предложи да се дополни програмата со патот до манастирот Св Петар и Павле Смилево по потреба да се чисти. Претседателот на Советот Љупчо Најдовски предложи да се дополни со сите патишта до манастирите кои се асфалтирани да се чисти по потреба и манатирот св. Атанасиј с.Журче, во Сопотница манастирот, советникот Аце Јанкуловски предложи исто манатирот св Тома. Претставникот Томе Милошовски се согласи ќе се дополни да се чистат патиштата до сите манастири каде има асфалтиран пат по потреба. Дискусија повеќе немаше. Со 11 „за“ беше донесена програмата со дополнувањето.
Согласно член 3 од одлуката за работа на советот со употреба на комуникациски средства гласањето се одвиваше по пат на поменично произнесување на секој член. Листот од засебното гласање по оваа точка е составен дел на седничкиот материјал од 52-рата седница

***ТОЧКА 3. Годишен извештај за работа на ООУ „Гоце Делчев“  Демир Хисар за учебната 2024/2025 година***

Годишен извештај за работа на ООУ „Гоце Делчев“  Демир Хисар за учебната 2024/2025 година беше усвоен од комисијата за опшествени дејности објасни претседателот на комисијата Аце Јанкуловски. Претсавник од училиштето немаше. Советничката Марина Димитријовска праша дали има интерес за настава со престој, а потоа укажа вероватно е техничка грешка во податоците бидејќи има податоци за ученици само колку се женски. Советникот Аце Јанкуловски објасни досега немало барање за престој на ученици. Дискусија повеќе немаше. Со 11 „за“ беше усвоен извештајот.
Согласно член 3 од одлуката за работа на советот со употреба на комуникациски средства гласањето се одвиваше по пат на поменично произнесување на секој член. Листот од засебното гласање по оваа точка е составен дел на седничкиот материјал од 52-рата седница

***ТОЧКА 4. Усвојување на Годишна програма за раброта на ООУ „Гоце Делчев“ Демир Хисар за учебната 2025/2026 година***

Годишната програма за раброта на ООУ „Гоце Делчев“ Демир Хисар за учебната 2025/2026 година беше усвоена од комисијата за опшествени дејности објасни претседателот на комисијата Аце Јанкуловски. Претсавник од училиштето немаше. Дискусија немаше. Со 11 „за“ беше усвоена програмата.
Согласно член 3 од одлуката за работа на советот со употреба на комуникациски средства гласањето се одвиваше по пат на поменично произнесување на секој член. Листот од засебното гласање по оваа точка е составен дел на седничкиот материјал од 52-рата седница

***ТОЧКА 5. Согласност за користење на две простории од ЈОУДГ ,,Втори Септември" Демир Хисар за изведување на настава во прво одделение за учебната 2025/2026 за потребите на ООУ „Гоце Делчев" Демир Хисар***

Во врска со согласност за користење на две простории од ЈОУДГ ,,Втори Септември" Демир Хисар за изведување на настава во прво одделение за учебната 2025/2026 за потребите на ООУ „Гоце Делчев" Демир Хисар претседателот на Советот Љупчо Најдовски праша дали училиштето ги подмирува обврските кон детската градинка. Претставникот од ЈОУДГ „Втори Септември" Цане Трајчевски објасни досега ништо нема платено. Советничката Сандра Пејковска додаде советот донесе одлука ООУ „Гоце Делчев" да плаќа надомест за тоа што користи две простории, вие треба да барате да ви плаќа имате финансиски проблеми. Советникот Валентин Несторовски се согласи со забелешките додаде после нема пари да се подмируваат обврските. Претседателот на Советот Љупчо Најдовски на крајот од дискусијата додаде треба да си барате финансии, но вие барате од советот да носи одлука за покривање на обврски, и така си функционира то. Дискусија повеќе немаше. Со 11 „за" беше донесена одлуката.

Согласно член 3 од одлуката за работа на советот со употреба на комуникациски средства гласањето се одвиваше по пат на поменично произнесување на секој член. Листот од засебното гласање по оваа точка е составен дел на седничкиот материјал од 52-рата седница

***ТОЧКА 6. согласност за формирање на чисти паралелки со помал број на ученици и комбинирани паралелки во ООУ „Гоце Делчев" Демир Хисар за учебната 2025/2026 година***

За согласноста за формирање на чисти паралелки со помал број на ученици и комбинирани паралелки во ООУ „Гоце Делчев" Демир Хисар за учебната 2025/2026 година немеша дискусија. Со 11 „за" беше дадена согласност за формирање на паралелки.

Согласно член 3 од одлуката за работа на советот со употреба на комуникациски средства гласањето се одвиваше по пат на поменично произнесување на секој член. Листот од засебното гласање по оваа точка е составен дел на седничкиот материјал од 52-рата седница

***ТОЧКА 7. Усвојување на Годишен извештај за работа на ООУ „Браќа Миладиновци" с.Жван Општина Демир Хисар за учебната 2024/2025 година***

Годишниот извештај за работа на ООУ „Браќа Миладиновци" с.Жван Општина Демир Хисар за учебната 2024/2025 година беше усвоен од комисијата за опшествени дејности објасни претседателот на комисијата Аце Јанкуловски. Немаше присутен претставник. Дискусија немаше. Со 11 „за" беше усвоен извештајот.

Согласно член 3 од одлуката за работа на советот со употреба на комуникациски средства гласањето се одвиваше по пат на поменично произнесување на секој член. Листот од засебното гласање по оваа точка е составен дел на седничкиот материјал од 52-рата седница

***ТОЧКА 8. Усвојување на Годишна програма за работа на ООУ „Браќа Миладиновци" с.Жван Општина Демир Хисар за учебната 2025/2026 година***

Годишената програма за работа на ООУ „Браќа Миладиновци" с.Жван Општина Демир Хисар за учебната 2025/2026 година беше усвоена од комисијата за опшествени дејности објасни претседателот на комисијата Аце Јанкуловски. Немаше присутен претставник. Дискусија немаше. Со 11 „за" беше усвоена програмата.

Согласно член 3 од одлуката за работа на советот со употреба на комуникациски средства гласањето се одвиваше по пат на поменично произнесување на секој член. Листот од засебното гласање по оваа точка е составен дел на седничкиот материјал од 52-рата седница

***ТОЧКА 9. Согласност за формирање на чисти паралелки со помал број на ученици и комбинирани паралелки во ООУ „Браќа Миладиновци" с.Жван Општина Демир Хисар за учебната 2024/2025 година***

Во врска со согласност за формирање на чисти паралелки со помал број на ученици и комбинирани паралелки во ООУ „Браќа Миладиновци" с.Жван Општина Демир Хисар за учебната 2024/2025 година немаше дискусија. Присутен претставник од училиштето немаше. Со 11 „за" беше дадена согласност.

Согласно член 3 од одлуката за работа на советот со употреба на комуникациски средства гласањето се одвиваше по пат на поменично произнесување на секој член. Листот од засебното гласање по оваа точка е составен дел на седничкиот материјал од 52-рата седница

***ТОЧКА 10. Годишен извештај за работа на ООУ „Даме Груев“ с.Смилево Општина Демир Хисар за учебната 2024/2025 година***

Годишниот извештај за работа на ООУ „Даме Груев“ с.Смилево Општина Демир Хисар за учебната 2024/2025 година беше усвоен од комисијата за опшествени дејности објасни претседателот на комисијата Аце Јанкуловски. Немаше присутен претставник. Дискусија немаше. Со 11 „за“ беше усвоен извештајот.

Согласно член 3 од одлуката за работа на советот со употреба на комуникациски средства гласањето се одвиваше по пат на поменично произнесување на секој член. Листот од засебното гласање по оваа точка е составен дел на седничкиот материјал од 52-рата седница

***ТОЧКА 11. Усвојување на Годишна програма за работа на ООУ „Даме Груев“ с.Смилево Општина Демир Хисар за учебната 2025/2026 година***

Годишната програма за работа на ООУ „Даме Груев“ с.Смилево Општина Демир Хисар за учебната 2025/2026 година беше усвоена од комисијата за опшествени дејности објасни претседателот на кломисијата Аце Јанкуловски. Немаше присутен претставник. Дискусија немаше. Со 11 „за“ беше усвоена програмата.

Согласно член 3 од одлуката за работа на советот со употреба на комуникациски средства гласањето се одвиваше по пат на поменично произнесување на секој член. Листот од засебното гласање по оваа точка е составен дел на седничкиот материјал од 52-рата седница

***ТОЧКА 12. Согласност за работа на паралелки со помал број на ученици во ООУ „Даме Груев“ с.Смилево Општина Демир Хисар за учебната 2025/2026 година***

За Согласноста за работа на паралелки со помал број на ученици во ООУ „Даме Груев“ с.Смилево Општина Демир Хисар за учебната 2025/2026 година немаше дискусија. Немаше присутен претставник. Со 11 „за“ беше дадена согласност.

Согласно член 3 од одлуката за работа на советот со употреба на комуникациски средства гласањето се одвиваше по пат на поменично произнесување на секој член. Листот од засебното гласање по оваа точка е составен дел на седничкиот материјал од 52-рата седница

***ТОЧКА 13. Одлука за ставање во мирување на паралелка во одделенска настава во подрачното Училиште во с.Обедник на ООУ „Даме Груев“ с.Смилево Општина Демир Хисар***

Во врска со Одлуката за ставање во мирување на паралелка во одделенска настава во подрачното Училиште во с.Обедник на ООУ „Даме Груев“ с.Смилево Општина Демир Хисар немаше дискусија. Со 11 „за“ беше донесена одлуката.

Согласно член 3 од одлуката за работа на советот со употреба на комуникациски средства гласањето се одвиваше по пат на поменично произнесување на секој член. Листот од засебното гласање по оваа точка е составен дел на седничкиот материјал од 52-рата седница

***ТОЧКА 14. Усвојување на Годишен извештај за работа на ЈОУДГ „Втори Септември“ Демир Хисар за учебната 2024/2025 година***

Годишниот извештај за работа на ЈОУДГ „Втори Септември“ Демир Хисар за учебната 2024/2025 година беше усвоен од комисијата за опшествени дејности објасни претседателот на комисијата Аце Јанкуловски. Дискусија немаше. Со 11 „за“ беше усвоен извештајот.

Согласно член 3 од одлуката за работа на советот со употреба на комуникациски средства гласањето се одвиваше по пат на поменично произнесување на секој член. Листот од засебното гласање по оваа точка е составен дел на седничкиот материјал од 52-рата седница

***ТОЧКА 15. Усвојување на Годишна Програма за работа на ЈОУДГ „Втори Септември“ Демир Хисар за 2025/2026 година***

Годишната Програма за работа на ЈОУДГ „Втори Септември“ Демир Хисар за 2025/2026 година беше усвоена од комисијата за опшествени дејности објасни претседателот на комисијата Аце Јанкуловски. Дискусија немаше. Со 11 „за“ беше усвоена програмата.

Согласно член 3 од одлуката за работа на советот со употреба на комуникациски средства гласањето се одвиваше по пат на поменично произнесување на секој член. Листот од засебното гласање по оваа точка е составен дел на седничкиот материјал од 52-рата седница

***ТОЧКА 16. Согласност на Годишен план за вработување за 2026 година за ЈОУДГ „Втори Септември“ Демир Хисар***

За согласност на Годишен план за вработување за 2026 година за ЈОУДГ „Втори Септември" Демир Хисар немаше дискусија. Со 11 „за" беше дадена согласност.
Согласно член 3 од одлуката за работа на советот со употреба на комуникациски средства гласањето се одвиваше по пат на поменично произнесување на секој член. Листот од засебното гласање по оваа точка е составен дел на седничкиот материјал од 52-рата седница

***ТОЧКА 17. Одлука за давање согласност на Одлуката за работно време во ЈОУДГ „Втори Септември" Демир Хисар за 2025/2026 година***

За Одлуката за давање согласност на Одлуката за работно време во ЈОУДГ „Втори Септември" Демир Хисар за 2025/2026 година дискусија немаше. Со 11 „за" беше донесена одлуката.
Согласно член 3 од одлуката за работа на советот со употреба на комуникациски средства гласањето се одвиваше по пат на поменично произнесување на секој член. Листот од засебното гласање по оваа точка е составен дел на седничкиот материјал од 52-рата седница

***ТОЧКА 18. Одлука за давање согласност на Одлуката за зголемен односно намален број на деца организирани во групи во ЈОУДГ „Втори Септември" Демир Хисар за 2025/2026 година***

Во врска со Одлуката за давање согласност на Одлуката за зголемен односно намален број на деца организирани во групи во ЈОУДГ „Втори Септември" Демир Хисар за 2025/2026 година претседателот на советот Љупчо Најдовски побара објаснување за финансиката состојба на детската градинка и бројот на децата. Претставникот Цане Трајчевски објасни деца има повеќе од бројот кој во моментот можи да се згрижат има преку 40 барања, а можи да се згрижат околу 25. Советникот Валентин Несторовски праша како се прави селекција кој деца ќе се згрижат кој ќе се стават на чекање. Претставникот Цане Трајчевски објасни се зема во предвид дали има некој да се грижи за детето, дали се двајцата родители вработени, толку е просторот да има уште една просторија и двајца вработени ќе се згрижат сите деца. Советничката Сандра Пејковска реагираше ако имате потреба од просторија зошто тогаш две простории давате на училиштето, имате листа на чекање на дечиња, а давате простории, за кадар ќе се среди ќе се најде решение. Со забелешката се согласи и советникот Сашо Михајловски треба да ги земите тие простории училиштето ќе се организира како и предходните години, има револт кај граѓаните 15 деца да се одбијат тоа е многу. Советникот Валентин Несторовски додаде револт има огромен кај родителите. Претседателот на Советот Љупчо Најдовски предложи ако има можност да се повлечи едната паралелка од првачињата во училиштето, да се ослободи просторијата и да се згрижат сите дечиња. Советот ќе донесе одлука едната паралелка од првачињата да оди во училиштето да се ослободи простијата сите дечиња да се згрижат. Претставникот Цане Трајчевски објасни и да се ослободи просторијата треба да се вработата две лица, за тоа треба согласност од миснистерството. Со оглед на тоа што веќе се распишани избори нема можност да се вработат лица советниците одлучија да остани вака после изборите да се најде решение ако треба едната паралелка да се повлечи во училиштето да се ослободи просторија, да се вработата две лица и да се згрижат сите дечиња. Засега нека остани вака да се разговара со двете директорки ќе се види за наредна седница. Дискусиај повеќе немаше. Со 11 „за" беше донесена одлуката.
Согласно член 3 од одлуката за работа на советот со употреба на комуникациски средства гласањето се одвиваше по пат на поменично произнесување на секој член. Листот од засебното гласање по оваа точка е составен дел на седничкиот материјал од 52-рата седница

***ТОЧКА 19. Одлука за давање согласност на Годишен план за вработување за 2026 година за ЈП „Дехи Транс" Демир Хисар***

За Одлуката за давање согласност на Годишен план за вработување за 2026 година за ЈП „Дехи Транс" Демир Хисар објаснување имаше директорот Александар Чорбевски. Дискусија немаше. Со 11 „за" беше донесена одлуката.
Согласно член 3 од одлуката за работа на советот со употреба на комуникациски средства гласањето се одвиваше по пат на поменично произнесување на секој член. Листот од засебното гласање по оваа точка е составен дел на седничкиот материјал од 52-рата седница

***ТОЧКА 20. Усвојување на Финансиски извештај на ЈП „Дехи Транс" Демир Хисар за период од 01.01.2025 до 30.06.2025 година***

Финансискиот извештај на ЈП „Дехи Транс" Демир Хисар за период од 01.01.2025 до 30.06.2025 година беше усвоен од комисијата за финансии и буџет објасни претседателката на комисијата Сандра Пејковска. Дискусија немаше. Со 11 „за" беше усвоен извештајот.

Согласно член 3 од одлуката за работа на советот со употреба на комуникациски средства гласањето се одвиваше по пат на поменично произнесување на секој член. Листот од засебното гласање по оваа точка е составен дел на седничкиот материјал од 52-рата седница

***ТОЧКА 21. Одлука за давање согласност на нов Ценовникот за вршење на услуги за превоз од страна на Јавно Претпријатие ДЕХИ ТРАНС Демир Хисар***

За Одлуката за давање согласност на нов Ценовникот за вршење на услуги за превоз од страна на Јавно Претпријатие ДЕХИ ТРАНС Демир Хисар објаснување имаше директорот Александар Чорбевски. Советничката Марина Димитријовска праша дали цените се исти како предходната година, ова го прашува, бидејќи со измените на законот оваа година некои од учениците ќе треба да плаќаат приватно превоз по која цена. Директорот Александар Чорбевски објасни како е формирана цената. Ова се цените по кои ќе се возат ученици од општинските училишта. Другата одлука се однесува на учениците кои учат во Битола. Советничката Марина Димитријовска во својата дискусија го изнесе подетлно проблемот со кој се соочуваат учениците кои се запишани во училиштата во Битола, се принудени да седат во интернатот, предходната година можеа да избираат дали да седат во интернат или да патуваат, оваа година сите требаше да аплицираат во интернатот, тие што нема да се примени да користат превоз. За ова училиштата не беа известени, во интернатот го почитуваат законот, извршени се разговори со училиштата нема никаков одговор. Поради новата ситуација има деца кои со години седат во интернатот не се примени, а се од градови кои се многу подалеку, децата од Демир Хисар се примени, а тие сакаат да патуваат. За ова ќе бидат известени и медиумите ќе се актуелизира случајот. Советничката Сандра Пејковска објасни донесен е некој закон кој на никој не му одговара. Претседателот на Советот Љупчо Најдовски истакна цените не се спорни ако нема никој забелешки да се гласа. Со 11 „за“ беше донесена одлуката.

Согласно член 3 од одлуката за работа на советот со употреба на комуникациски средства гласањето се одвиваше по пат на поменично произнесување на секој член. Листот од засебното гласање по оваа точка е составен дел на седничкиот материјал од 52-рата седница

***ТОЧКА 21. Одлука за давање согласност на ценовникот за вршење на превоз на ученици врз основа на одлуката за меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Демир Хисар и Општина Битола***

За Одлуката за давање согласност на ценовникот за вршење на превоз на ученици врз основа на одлуката за меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Демир Хисар и Општина Битола објаснување имаше директорот Александар Чорбевски. Дискусија немаше. Со 11 „за“ беше донесена одлуката.

Согласно член 3 од одлуката за работа на советот со употреба на комуникациски средства гласањето се одвиваше по пат на поменично произнесување на секој член. Листот од засебното гласање по оваа точка е составен дел на седничкиот материјал од 52-рата седница

***ТОЧКА 22. Предлози и прашања***

Советничката Марина Димитријовска имаше прашање зошто не доби писмен одговор на прашањето кое беше поставено до градоначалникот од предходната седница.

Советничката Сандра Пејковска објасни се постапуваше по задолженија од просветен инспектор.

Дискусија повеќе немаше. Дневниот ред беше исцрпен Претседателот на Советот Љупчо Најдовски ја затвори седницата.

Бр. 17-996/2<br>23.09.2025 година<br>Демир Хисар

Совет на Општина Демир Хисар<br>Претседател,<br>Љупчо Најдовски с.р.